ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр. 09-952/6
22-05-2020 г.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 30 – тата седница второ продолжение, одржана на ден 21.05.2020 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лице, член на политичка партија бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2750/1 од 20.05.2019 година.

Предметот со број 09-2750/1 од 20.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-2750/1 од 20.05.2019 година е оформен по достава на електронска пријава од познат подносител, против лице кој што е член на политичка партија, со наводи дека истото лице влијаело за вработување на свои блиски лица и тоа: сопруга во Управата за јавни приходи и брат во детска градинка.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија прибираше документи и податоци од кои се утврди дека сопругата не евидентира во евиденцијата на вработени работници која Управата за јавни приходи ја води согласно закон.

Во однос на братот на пријавеното лице, после прибавената докуменатција, Државната комисија ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето е вработено во детска градинка по објавен Јавен оглас, на работно место Магационер – Вршител на работни задачи од областа на управување со кризни состојби. Комисијата за спроведување постапка за прием на работници на неопределено време на ден 07.12.2018 година одржала состанок, по што е изготвен Записник и е констатирано дека, за работно место Магационер примени се 2 апликации и тоа едната е комплетна и валидна (од вработеното лице), а додека другата апликација е некомплетна, односно недостасува уредно барање, лекарско уверение за здравствената состојба и возачка

дозвола. Од наведените причини, Комисијата како приоритетен кандидат го предлага лицето кое е вработено за работно место магационер.

Врз основа на наведениот Записник од Комисијата за спроведување постапка за прием на работници и согласно одредбите од Законот за заштита на децата, директорот на детската градинка носи Одлука за прием на работник на неопределно време со бр.0402-173/5 од 10.12.2018 година, со која за работното место Магационер - Вршител на работни задачи од областа на управување со кризни состојби се избира блиското лице на пријавениот. На ден 18.12.2018 година, директорот носи Решение за распоредување на работно место и склучен е Договор за вработување на неопределно време со бр.0402-173/7 од 18.12.2018 година помеѓу детската градинка и вработеното лице.

На седницата одржана на ден 21.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не се потврдени наводите од пријавата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Кате Здравкоска, советник